# З А К О Н
# ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА
## Редакциски пречистен текст[1]

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста и организацијата на санитарната и здравствената инспекција, назначувањето на санитарните и здравствените инспектори, овластувањата и постапката за вршење на инспекцискиот надзор.

### Член 2

Санитарната и здравствената инспекција опфаќа инспекциски надзор над спроведувањето на законите и другите прописи донесени врз основа на законите од областа на санитарно- хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување и евиденциите во областа на здравството.

Инспекцискиот надзор ги опфаќа просторот, објектите, просториите, уредите и опремата, дејностите и лицата кои вршат здравствена дејност, како и лицата кои на кој било начин можат штетно да влијаат врз здравјето на луѓето.

### Член 2-а

Во постапката на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

## II. НАДЛЕЖНОСТ

### Член 3

(1) Работите на санитарната и здравствената инспекција ги врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за здравство.

(2) Инспекторатот има својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување и одлучува за правата и обврските од работен однос.

---

[1]Редакциски пречистениот текст на Законот за санитарната и здравствената инспекција ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ“бр.71/06, Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.139/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.88/10 , Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.18/11, Законот за дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.53/11 , Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.43/14, Законот за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.144/14 и Законот за дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција објавен во “Службен весник на РМ“бр.51/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Член 4**

Во областа на санитарно-хигиенската и епидемиолошката заштита, Инспекторатот врши надзор особено над:

1) спроведувањето на општите и посебните мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите, а по епидемиолошка индикација - кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

2) Безбедност на предметите за општа употреба во производството и прометот и тоа: детски играчки, средства за одржување на чистотата, козметички производи, супстанции за производство и амбалажата за тие производи и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;

3) исполнување на условите за вршење на дејност согласно со посебни прописи во објекти од надлежност на санитарната и здравствената инспекција;

4) производство и промет на опојните дроги, отровите и прекурзорите распоредени согласно со прописите во групата на отрови;

5) спроведувањето на мерките за заштита од штетни материи и влијанија врз здравјето на луѓето;

6) санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата во кои се врши здравствена дејност и дејности во областа на образованието, културата, социјалната заштита, спортот и рекреацијата, јавниот превоз, угостителството, туризмот, трговијата и другите стопански гранки;

7) лицата кои на работните места со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на населението, а по епидемиолошки индикации - кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

8) ексхумацијата и преносот на умрените лица на територијата на Република Македонија и преку нејзините граници;

9) лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и опасните материи;

10) инфраструктурните и другите објекти во случај на кризни состојби и други вонредни услови;

11) создавањето, селектирањето, пакувањето и одлагањето на медицинскиот отпад и

12) заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и другите производи од тутун.

Инспекторатот дава согласности и мислења во постапката за издавање на одобренија за градба, за изградба на градби за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита како и други согласности и мислења на барање од надлежен орган утврдени со закон или друг пропис донесени врз основа на закон. Инспекторатот е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на писменото барање за увид во проектната документација од органот кој ја

спроведува постапката за издавање на одобрение за градење, да изврши увид и да даде согласност или да даде забелешки на записник до колку не се исполнети условите за согласност.

Инспекторатот врши и други работи што се во негова надлежност согласно закон.

**Член 4-а**

Доколку Инспекторатот не даде согласност или мислење, односно не го одбие барањето за давање на согласност или мислење во рокот од членот 4 став 2 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на директорот на Инспекторатот и директорот да донесе решение.

Формата и содржината на барањето од членот 4 став 2 на овој закон и барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

Кон барањето од ставот 1 на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од членот 4 став 2 на овој закон.

Директорот на Инспекторатот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот 1 на овој член до писарницата на директорот да донесе решение со кое барањето од ставот 1 на овој член е уважено или одбиено. Доколку директорот на Инспекторатот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Инспекторатот.

Доколку директорот на Инспекторатот не донесе решение во рокот од ставот 4 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 5 на овој член да изврши надзор во Инспекторатот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки .

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Инспекторатот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку директорот на Инспекторатот не одлучи во рокот од ставот 7 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот на Инспекторатот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Инспекторатот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 8 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 6 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот 10 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето согласно ставовите 6 и 7 и/или не поднесе пријава согласно со ставовите 8 и 9 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Државниот санитарен и здравствен инспекторат дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 10 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 11 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 10 од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку директорот на Инспекторатот не одлучи во рокот од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Постапката пред Управниот суд е итна.

Подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 2 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за здравство.

**Член 5**

Во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, Инспекторатот врши надзор особено над:

1) остварувањето на правата од здравствената заштита;

2) остварувањето на правата од здравственото осигурување;

3) вршењето на здравствена дејност согласно со одобрение донесено од надлежен орган;

4) вршењето на дополнителната дејност на здравствените работници;

5) придржувањето на условите во текот на работењето во поглед на просторот, опремата и кадарот за вршење на определени зравствени дејности согласно со прописите од здравствената заштита;

6) распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во здравствените установи;

7) извршувањето и содржината на систематските и превентивните здравствени прегледи на вработените;

8) евиденциите во областа на здравството и

9) спроведувањето на прописите од областа на здравството;

10) општите акти на здравствените установи особено на:

- организацијата и начинот на укажувањето на итна медицинска помош,
- начинот на користењето и одржувањето на медицинската опрема,
- нега на болните и домашно лекување,
- приемот на корисниците при укажувањето на примарна, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита,
- начинот на спроведувањето на внатрешниот надзор над стручната работа на здравствените работници и соработници и
- видот и користењето на работна облека.

**Член 5-а**

Инспекторатот врши надзор над преземените обврски на работодавачот во однос на пријавувањето на работникот и вклучувањето на работникот во задолжителното социјално осигурување врз основа на работен однос, согласно со Законот за работните односи.

**Член 5-б**

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на прописите по однос на забрана и спречување на вршењето на нерегистрирана дејност во јавните и приватните здравствени установи, правните и физичките лица кои вршат производство и промет на предмети за општа употреба, козметички производи, работи од традиционална и комплементарна медицина, активноста на кожа ( користење на солариум, трајно отстранување на влакна и други активности за нега и за разубавување) и активности со кои се продира во кожата (тетовирање, пирсинг, трајна шминка, акупунктура, нехируршка липосукција, употреба на ботокс, користење на ласер и слично).

**Член 6**

Во вршењето на инспекцискиот надзор Инспекторатот може да побара стручно мислење од Институтот за јавно здравје на Република Македонија, центрите за јавно здравје и други стручни установи и правни лица, ако за утврдување на битни факти или околности е потребно стручно мислење.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, државните санитарни и здравствени инспектори утврдат потреба можат до министерот за здравство да иницираат постапка за стручен надзор над стручната работа на здравствената установа, согласно со Законот за здравствената заштита.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 7**

Со работата на Инспекторатот раководи директор кој го именува и разрешува на предлог на министерот за здравство, Владата на Република Македонија. Во отсуство на директорот го заменува раководен државен службеник од Инспекторатот кој тој ќе го определи.

За именување на директор се објавува јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование - медицински факултет и положен стручен испит;

4) има минимум пет години работно искуство во струката;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

**Член 8**

Инспекцискиот надзор во рамките на надлежноста на Инспекторатот го вршат државни санитарни и здравствени инспектори (во натамошниот текст: инспектори).

Инспектор може да биде лице кое:

- е државјанин на Република Македонија,
- е полнолетно,
- има општа здравствена способност,
- не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на медицината или стоматологијата, што се докажува со уверение,
- има пет години работно искуство во струката,
- ги исполнува другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места,
- поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење, и тоа еден од следниве:

1) Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен;

2) Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
3) ECDL: Core - положен,
- има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место преку полагање на психолошки тест и тест за интегритет, согласно со прописите кои се однесуваат на државните службеници и
- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

Инспекторите ги назначува министерот за здравство во согласност со одредбите од Законот за државните службеници.

**Член 9**

(1) Директорот изготвува предлог на годишна програма за работа на инспекторатот и истата ја доставува до Инспекцискиот совет, најдоцна до 31 октомври во тековната година за следната година.

(2) Директорот ја донесува годишната програма за работа на инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, односно забелешки во рокот утврден со закон.

(3) Врз основа на донесената годишна програма директорот подготвува квартални планови за работа на секој инспектор, кои збирно ги доставува на разгледување до Инспекцискиот совет најдоцна две недели пред почетокот на следниот календарски квартал и тоа до 15 декември за првиот квартал од следната година, до 15 март за вториот, до 15 јуни за третиот, односно до 15 септември за четвртиот квартал во тековната година.

(4) Во кварталните планови за работа за секој инспектор директорот задолжително го внесува бројот на планирани надзори во следните три месеци, како и степенот на сложеност на секој од надзорите.

(5) Врз основа на кварталните планови за секој инспектор директорот подготвува месечен план за работа, кој план содржи и распоред на надзори по датуми и по субјекти на надзор.

(6) Директорот најдоцна две недели од почетокот на тековниот календарски квартал за претходниот до Инспекцискиот совет збирно доставува квартални извештаи за работата на секој инспектор и тоа до 15 јануари за четвртиот квартал од претходната година, до 15 април за првиот квартал, до 15 јули за вториот, односно до 15 октомври за третиот квартал во тековната година.

(7) Директорот најдоцна до 1 март во тековната година до Инспекцискиот совет доставува годишен извештај за работата на инспекторатот за претходната година.

(8) Извештајот за работа е достапен за јавноста.

**Член 10**

Директорот на Инспекторатот, односно раководниот државен службеник од членот 7 став 1 на овој закон е должен да:
- ја организира и координира работата на Инспекторатот,
- врши увид над работата на инспекторите,
- ја усогласува работата на инспекторите и
- дава задолжителни инструкции за работа на инспекторите, стручна помош и друго.

**Член 11**

Организационата поставеност на Инспекторатот поблиску се уредува со актот за организација на Министерството за здравство.

Називот на работните места, описот на работните задачи и условите што треба да ги исполнат инспекторите за да ги вршат утврдените работни задачи, како и бројот на извршителите, се утврдуваат со актот за систематизацијата на работните места, што го донесува министерот за здравство.

**Член 12**

Овластувањето за вршење на инспекциски надзор, инспекторот го потврдува со службена легитимација.

Формата и содржината на образецот на службената легитимацијата од ставот 1 на овој член, начинот на нејзиното издавање и одземање го пропишува министерот за здравство.

Службената легитимација на инспекторот ја издава министерот за здравство.

**Член 13**

Инспекцискиот совет, по предлог на директорот, се грижи за унапредувањето на работата и стручното усовршување на инспекторите, иницира и организира одржување на стручни и советодавни обуки заради единствена примена на законите и другите прописи кои ги спроведува Инспекторатот и ја поттикнува меѓусебната соработка со другите органи на државната управа за прашања од заеднички интерес.

**Член 14**

Правните и физичките лица кои вршат самостојна дејност или професија, должни се да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор и на барање на инспекторот да даваат вистинити и точни податоци, информации, мостри и други материјали, без надоместок, како и да овозможат привремено одземање на документацијата или други предмети кои можат да послужат како доказ во судската постапка.

IV. ОВЛАСТУВАЊА И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 15**

Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот е овластен да ги прегледа сите работни и помошни простории, односно простори, документација, пропишаната евиденција, опремата како и предметите за работа коишто подлежат на инспекциски надзор, да побара изјава од одговорните вработени, изјави од сведоци, мостри за анализи, брисеви, а по потреба можат да користат услуги на други стручни правни лица.

**Член 16**

Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор заради отстранување на утврдените неправилности има право и обврски на субјектот на надзорот:

- да му укаже на утврдените неправилности и да определи рок за нивно отстранување,

- да му нареди да преземе соодветни мерки и активности во рок кој ќе го определи инспекторот,
- привремено да му забрани вршење на дејност, професија или должност,
- да му поднесе барање за поведување прекршочна постапка и
- да му поднесе кривична пријава или да поведе друга соодветна постапка.

Субјектот на надзорот е должен во рок од три дена да го извести инспекторот дали постапил по наредените инспекциски мерки.

**Член 17**

Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор се овластени да:

1) забранат користење на работни и јавни простории, уреди и опрема до отстранување на санитарно-хигиенските недостатоци што влијаат штетно врз животот и здравјето на луѓето;

2) забранат употреба на јавни објекти кои работат без претходна согласност, пријава или одобрение за работа од надлежниот орган;

3) наредат отстранување на недостатоци, односно неправилности во согласност со законите и другите прописи со кои се уредува заштитата на здравјето на луѓето;

4) наредат спроведување на санитарно-хигиенските мерки заради спречување и сузбивање на заразни болести;

5) наредат отстранување од работа на лица кои со својата здравствена состојба можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето;

6) забранат собирање на граѓани во јавни објекти или на јавни места ако постои опасност од ширење на заразна болест;

7) забранат дејност во објект кој претставува непосредна опасност за ширење на заразни болести и епидемија;

8) наредат отстранување на недостатоци, односно неправилности при спроведување на дезинфекција и стерилизација во здравствени или други установи;

9) забранат употреба на површински води и јавни базени (спортско-рекреативни, здравствени , козметички базени и слично), ако не се преземени потребните мерки за безбедно користење;

10) наредат отстранување на недостатоци во производствениот процес кои доведуваат до производство на небезбедни козметички производи и предмети за општа употреба;

11) забранат работа на уреди и објекти што испуштаат штетни материи или на друг начин штетно влијаат врз здравјето и животот на граѓаните;

12) забранат вршење на здравствена дејност ако се врши спротивно на прописите за здравствена заштита и

13) преземаат и други мерки за кои се овластени со закон и други прописи.

**Член 17-а**

Инспекторите во случај на констатирани неправилности за непреземање на обврски за пријавување на работникот и вклучување на работникот во задолжително социјално осигурување врз основа на работен однос, ќе преземат мерки согласно Законот за работните односи.

**Член 17-б**

Инспекторите во случај на констатирани неправилности од членот 5-б од овој закон, ќе преземат мерки согласно со прописите од областа на забрана и спречување на вршењето на нерегистрирана дејност.

**Член 18**

Ако инспекторот во текот на вршењето на инспекцискиот надзор утврди повреда на закон или друг пропис над чија примена врши надзор друг орган на државната управа, составува записник за констатираната фактичка состојба и го известува надлежниот орган на државната управа.

**Член 19**

Инспекторот е одговорен, ако:

1) при вршење на инспекцискиот надзор со решение не нареди преземање на мерки и дејства кои по законот бил должен да ги преземе;

2) ги пречекори своите законски овластувања;

3) ја злоупотреби службената должност;

4) не поднесе пријава, односно не ги извести надлежните органи за утврдените недостатоци и

5) не се легитимира пред почнувањето на вршењето на инспекцискиот надзор.

Постапката за утврдување на дициплинска одговорност на инспектор се води согласно со Законот за државните службеници.

**Член 20**

Инспекторот е должен во текот и по престанокот на неговото работење, да ги чува сите податоци што ги дознал при вршењето на инспекцискиот надзор,а претставуваат класифицирани информации со соодветен степен на тајност определен со закон.

Одредбите од ставот 1 на овој член важат и за стручните установи и правните лица од кои е побарано стручно мислење.

## V. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

**Член 21**

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:

- редовен инспекциски надзор,
- вонреден инспекциски надзор и
- контролен инспекциски надзор.

**Член 22**

Редовниот инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши во присуство на одговорното лице на субјектот на надзорот, или физичкото лице кај кое е потребно да се изврши инспекцискиот надзор, кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската служба и опфаќа надзор над спроведувањето на законите и прописите донесени врз основа на законите.

Програмата за работа на инспекциската служба директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат ја донесува најкасно до 15 декември од тековната година за работа на инспекциската служба за наредната година.

Ако инспекторот на денот на кој го најавил инспекцискиот надзор не го затече одговорното лице кај субјектот на надзорот, или физичкото лице кај кое е потребно да се изврши инспекцискиот надзор, инспекторот на местото на надзорот ќе му остави покана во која ќе напише, одговорното лице или физичкото лице во точно определено време да биде присутно заради вршење на надзорот.

Ако лицето од ставот 2 на овој член не се јави на поканата, инспекторот ќе изврши надзор во присуство на службено или друго присутно лице.

**Член 23**

Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и по службена должност во случај на сомневање на инспекторот.

**Член 24**

Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот постапил, делумно постапил, или не постапил по инспекцискиот акт.

Непостапувањето, односно делумно постапување по инспекцискиот акт, претставува основа за примена на инспекциските мерки и санкции со цел за отстранување на утврдените неправилности.

**Член 25**

За извршениот инспекциски надзор инспекторот составува записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, записникот го потпишуваат инспекторот и субјектот на надзорот и еден примерок од записникот му се предава на субјектот на надзорот, а доколку поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор и другите околности не е можно да се состави записник во текот на инспекцискиот надзор записникот се составува во службените простории на инспекциската служба во рок од три дена од денот на надзорот со образложение за причините поради што записникот е составен во службените простории на инспекциската служба.

Примерокот од записникот од ставот 1 на овој член му се доставува на потпишување до субјектот на надзорот, кој во рок од осум дена од денот на приемот на записникот треба да се произнесе во однос на доставениот записник и да го врати записникот потпишан од негова страна на инспекторот, во спротивно се смета дека субјектот на надзорот е согласен со записникот од извршениот инспекциски надзор.

Ако субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе ги наведе причините за одбивањето.

Во записникот се внесува назив на инспекциската служба, местото, денот и часот кога е извршен надзорот, предметот на надзорот, името на инспекторот кој го извршил надзорот, присутните лица, застапникот или полномошникот на субјектот на надзорот, утврдената фактичка состојба, забелешките, изјавите и другите релевантни факти и околности.

**Член 26**

Во постапката на инспекцискиот надзор инспекторот донесува заклучок и решение.

Со заклучокот се решава за прашања на постапката што ќе се појават во текот на инспекцискиот надзор.

Со решение се наредува извршување на определени инспекциски мерки, во одреден рок кој го определува инспекторот.

Решението инспекторот треба да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот.

**Член 27**

Инспекторот кога ќе утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на граѓаните, поголема имотна штета или друг вид на јавен интерес донесува усно решение на записник и во рок од три дена од денот на изрекувањето на усното решение ќе донесе писмено решение.

Во случаите од ставот 1 на овој член, инспекторите поставуваат лента на видно место со следниов текст „затворено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат‟, заверена со печат на Инспекторатот, потпис на инспекторот кој ја поставил и дата на поставување.

**Член 28**

Против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

По жалбата од ставот (1) на овој член одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

V- а. ПОСЕБНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА

**Член 29-а**

Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен да зема примерок (мостри и брисеви од жива и нежива средина) заради утврдување на постоење или непостоење на некој битен факт во врска со здравствената исправност на храната при епидемиолошки индикации, козметичките производи, предметите за општа употреба и другите предмети.

При земање на примерок инспекторот е должен:

1) во исти услови и во исто време да земе најмногу три примероци, за прва анализа, за втора анализа по барање на субјектот на надзорот и за супер анализа;

2) да состави записник за земањето на примероците;

3) примероците да ги запечати и прописно да ги означи;

4) да го достави без одлагање примерокот за првата анализа до институција стручна за вештачење, а вториот и третиот примерок да ги чува во соодветни услови;

5) да го извести писмено и без одлагање субјектот на надзорот за резултатите од анализата;

6) да го достави без одлагање вториот примерок на анализа до друга стручна институција по барање на субјектот на надзорот и

7) да го утврди со посебен заклучок износот на трошоците што настанале во текот на постапката во врска со анализата на примероците во случај кога примерокот не соодвествува со пропишаните стандарди.

Ако субјектот на надзорот при земањето на примерокот за анализа не бара истовремено земање на примерок за втора анализа тој нема право на оспорување на резултатите од добиената анализа од првиот примерок.

**Член 29-б**

Субјектот на надзорот може да ги оспорува резултатите од анализата на првиот примерок со барање за вршење на анализа на вториот примерок во рок од три дена од денот на доставувањето на резултатите од анализата на првиот примерок.

Ако резултатите од анализата на вториот примерок не се во согласност со резултатите од анализата на првиот примерок, за правно валидна ќе се смета анализата на вториот примерок.

Анализата на вториот примерок не може да и се довери на стручна институција која ја извршила анализата на првиот примерок.

Ако инспекторот не се согласува со резултатите од анализата на вториот примерок, може во рок од три дена од денот на приемот на овие резултати да бара вршење на супер анализа, со исклучок ако резултатите од анализата на првиот и вториот примерок се исти.

Супер анализата не може да ја врши стручна институција која ги вршела претходните анализи, со исклучок ако нема други институции за вршење на тие анализи и ако инспекторот и субјектот на надзорот се согласуваат со ова.

**Член 29-в**

Инспекторот е должен привремено да одземе документи, жива стока или други предмети кои ќе послужат како доказен материјал во прекршочната, кривичната постапка, или кога е потребно да се спречува некоја потешка последица и за одземените предмети инспекторот задолжително му издава потврда на субјектот на надзорот од кога се привремено одземени предметите и во потврдата инспекторот задолжително ги внесува сите битни податоци како што се: името и презимето на субјектот на надзорот, од кого се земени предметите, кога субјектот на надзорот е физичко лице, односно назив на субјектот на надзорот за правното лице, времето и местото на одземањето на предметите, точно назначување на одземените предмети по вид, количина, потпис од одговорното лице на надзорот и други потребни податоци зависно од случајот и на крајот во потврдата се пишува името и презимето на инспекторот и негов потпис.

Привремено одземените предмети мора да се чуваат во соодветни простории во органот, во соодветни услови кои одговараат на тие предмети со цел истите до денот на предавањето на органот надлежен за водење на соодветната постапка да останат неоштетени и непроменети и безбедни од отуѓување.

**Член 29-г**

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 31-б на овој закон за прв пат, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за

отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или правното лице каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за здравство.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за едно или повеќе правни лица.

Доколку во закажаниот термин лицето или правното лице над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или правното лице над кое се спроведува едукацијата се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуцирано по однос на утврдената неправилност.

Доколку државниот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку државниот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Инспекторатот води евиденција за спроведената едукација, на начин пропишан од министерот за здравство.

**Член 29-д**

Министерството за здравство - Државниот санитарен и здравствен инспекторат за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството за здравство и на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, на унифициран квартален преглед.

**Член 29**

Ако инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека со повреда на закон или друг пропис е сторен прекршок или кривично дело е должен без одлагање да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, односно пријава за кривично дело.

Надлежниот орган пред кој се поведува постапката од ставот 1 на овој член, должен е да го извести инспекторот за текот и исходот на постапката.

Ако при вршењето инспекциски надзор инспекторот утврди прекршок за кој со посебен закон е предвидена мандатна казна, изрекува мандатна казна на самото место на прекршокот.

**Член 30**

Трошоците на инспекцискиот надзор во постапките поведени по барање на странка согласно со закон, паѓаат на товар на странката.

Основни критериуми за утврдување на висината на трошоците во постапката се реалните трошоци направени при спроведувањето на постапката при вршењето на инспекцискиот надзор.

Начинот на пресметување и висината на трошоците во постапките од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 31

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:

1) не постапи по извршно решение на инспекторот (член 26 став 3) и

2) не постапи по донесеното усно решение на записник (член 27 став 1).

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице кое врши самостојна дејност или професија за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

### Член 31-а

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако оневозможи на инспекторот да изврши инспекциски надзор (член 14).

Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице кое врши самостојна дејност или професија за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорно лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

### Член 31-б

Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако во рок од три дена писмено не го извести инспекторот дали постапил по наредените инспекциски мерки (член 16 став 2).

Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице кое врши самостојна дејност или професија за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 350 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

### Член 31-в

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Државниот санитарен и здравствен инспекторат води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Министерот за здравство во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе прописите чие донесување е утврдено со овој закон.

До денот на донесувањето на прописите од ставот 1 на овој член ќе продолжат да се применуваат подзаконските прописи што биле во сила пред влегувањето во сила на овој закон, доколку не се во несогласност со овој закон.

**Член 33**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за санитарната и здравствената инспекција (‟Службен весник на Република Македонија" број 19/95).

**Член 34**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ‟Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.139/08)***

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.88/10)***

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.18/11)***

**Член 17**

Подзаконските акти од членот 29-г на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членовите 1, 4, 5, 8, 12, 13, 14, 15 и 16 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 април 2011 година.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.53/11)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2012 година.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.164/13)***

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ", а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.43/14)***

**Член 2**

Директорот на Инспекторатот именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 3**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.144/14)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување***
***на Законот за санитарната и здравствената инспекција***
***("Службен весник на РМ" бр.51/15)***

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст од Законот за санитарната и здравствената инспекција.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од членот 1 со која се додава нов член 5-б и одредбата од членот 2 со која се додава нов член 17-б, кои ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" број 199/14).